Новата кампања на Македонскиот центар за меѓународна соработка, Форум-центарот за стратегиски истражувања и документација и Потрага по заедничка основа што ќе се одвива под слоганот “Кажи О.К. за МК” е уште една можност за да се вклучат граѓаните на Македонија во процесот на приближување на нивната земја кон Европската Унија.

Истражувањето покажа дека висок процент, дури 91,2% од граѓаните, сакаат да ја видат Македонија како дел од европското семејство.




Според носителите на кампањата, потребна е поширока акција за да се придонесе во процесот на зачленувањето на Македонија во ЕУ како еден од приоритетите и интересите на граѓаните. Овој придонес би требало да се направи со промоција на позитивните вредности на Република Македонија, на индивидуално ниво насочени кон граѓаните на Европската Унија и нејзините институции.


91.2%
ОК МК
Say OK to MK
АЛО
влада
ДО КАДЕ СМЕ?




Ете затоа: **“Кажи О.К. за МК”!**